РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 04-137/7
09.02.2023 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на РСМ,, бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 09.02.2023 год., донесе

**О Д Л У К А**

**За невршење на избор на кандидат за унапредувње на административен службеник по Интерен оглас бр. 01/2023**

1. За извршител на работното место за унапредувње на административен службеник по Интерен оглас бр. 01/2023 Советник -овластен комунален инспектор во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат, со шифра на работно место ИНС 0101 В01 001, **не се врши избор на кандидат.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата на Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.01.2023 год., на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Јегуновце беше објавен Интерен оглас бр. 01/2023 и истиот беше објавен до 03.02.2023 год., за унапредување на административен службеник 1 (еден) извршител за работно место Советник -овластен комунален инспектор во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат, со шифра на работно место ИНС 0101 В01 001.

Со решение бр.04-137/5 од 03.02.2023 година, од страна на општина Јегуновце формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2023, која ја спроведе постапката за административна селекција по интерниот оглас.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од административна селекција за Интерен оглас бр.01/2023, бр.04-137/6 од 08.02.2023 год.

Врз основа на резултатите од административната селекција Комисијата во ранг листата на кандидати не предложи кандидат за продолжување на постапката за одржување на интервју, од причина што на интерниот оглас се пријави само еден кандидат и истиот Комисијата утврди дека е неуреден, односно кандидатот не е распореден на работно место во рамките на истата категорија за кое беше објавен интерниот оглас.

Согласно Записникот од административна селекција за Интерен оглас бр.01/2023, бр.04-137/6 од 08.02.2023 год., нема кандидат кој се квалификува за унапредување на работното место Советник-овластен комунален инспектор во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат, со шифра на работно место ИНС 0101 В01 001, поради што Градоначалникот на општина Јегуновце, донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Општина Јегуновце.

Доставено до: - архива на општината и
- кандидатот

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски